УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ
СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Универзитет за туризам и менаџмент*
*Број 02-277/1*
*15.11.2017 год.*
*Скопје*

Врз основа на член 92, став 1, точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015,30/2016 и 127/2016) Сенатот на Универзитетот, на седницата одржана на 15.11.2017 год., ја донесе следната

***ОДЛУКА***
***за доделување на титула***
***ПОЧЕСЕН ДОКТОР (DOCTOR HONORIS CAUSA)***
***на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје***

1. На Јован Грков, основач и генерален директор на Урбан Инвест ДООО Кавадарци му се доделува титула **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, заради неговиот посебен придонес за развој на претприемаштвото во Република Македонија и високото образование во областа на претприемаштвото.
2. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
3. Одлуката со доделување на титулата **ПОЧЕСЕН ДОКТОР НА НАУКИ *(DOCTOR HONORIS CAUSA)*** да се официјализира на Свечената промоција на дипломирани и магистрирани студенти на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, што ќе се одржи на 26.11.2017 година во Македонска опера и балет.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 92 став 1 точка 15 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, согласно член 52 став 1 алинеја 17 и 144 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015,30/2016 и 127/2016) Сенатот на Универзитетот, на предлог на Факултетот за претриемачки бизнис на Универзитетот, на седницата одржана на 15.11.2017 година, донесе одлука како во диспозитивот, земајќи го во предвид и ценејќи го досегашиот богат и разновиден професионален ангажман на г-дин Јован Грков кој во кратки црти се огледа во следното:

Г-дин Јован Грков дипломирал на Градежниот факултет на Унивезритетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од дипломирањето до денешен ден, целокупниот свој работен ангажман го има посветено на развивање на нови производи во градежната индустрија, воведување на високи стандарди во претприемаштвото, нови технологии во производството и создавање на едуциран стручен кадар.

Во својот работен век г-дин Јован Грков со големи амбиции и висок ентузијазам ги препозна пазарните можности во развојот на градежната индустрија во Македонија, успешно и професионално упаравувќи со четири домашни и една странска компанија, во кои се вработени над 250 лица.

Како основач на компанијата Урбан Инвест г-дин Јован Грков, со своето визионерство и висок професионализам, придонесе оваа компанија со својата диверзифицирана производствена програма, високо едуциран кадар, новата софистицирана технологија и високо развиениот еколошки и социјален бизнис пристап, да стане една од главните учесници во индустријата за градежни материјали во Македонија и околните пазари.

Урбан Инвест, денес е препознатлива водечка компанија во земјата и пошироко, по повеќе фактори, од кои најважен е квалитетот на услугата, нудејќи производи со одличен естетски, функционален и ценовен квалитет, според светските стандарди.

Г-дин Јован Грков како успешен менаџер е член на Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за претприемачки бизнис на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Тој несебично ги пренесува своите искуства од бизнисот во сверата на високото образование, преку предлагање на иновативни решенија во креирање на студиските програми по претриемаштво и менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со што дава значителен придонес за развој на високото образование во областа на претприемаштвото.

11 ГОДИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ЗНАЕЊЕТО 2006 - 2017

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Именуваниот;
- Генералниот секретар на Универзитетот.

РЕКТОР,

проф. д-р Аце Миленковски